09-2613/8
20-11-2019

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на дваесет и третата седница одржана на ден 01 ноември 2019 година донесе

**О д л у к а**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема законски можности за преземање мерки за натамошно постапување по предметот број 09-2613/1 од 06.05.2019 година, поради што предметот се затвора и архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на анонимна пријава оформен е предмет број 09-2613/1 од 06.05.2019 година за постоење судир на интереси за поранешниот директор на акционерско друштво со државна сопственост, бидејќи имал влијание при вработувањето во Министерство за внатрешни работи на свое блиско лице.

Согласно своите надлежности, Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до Министерство за внатрешни работи, со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите од предметот оформен по анонимна пријава за постоење на состојба на судир на интереси. Од увидот во документацијата, како и од информациите добиени од одговорни лица во Министерството, ги утврдивме следниве состојби:

Со член 50 и член 51 од Законот за внатрешни работи, актите за организација на МВР во која се вклучени Управата за безбедност и контраразузнавање и Бирото за јавна безбеденост, се утврдуваат со Уредба донесена од Владата на Република Македонија, додека актот за систематизација на работните места во Министерството, во кој се инкорпорирани актите на Бирото и Управата го донесува министерот со претходна согласност од Владата на Република Македонија. Согласно член 33 од Законот за внатрешни работи, во Министерството вработените имаат статус на: овластени службени лица; административни службеници, согласно Законот за административни службеници и работници согласно Законот за работните односи. Вработувањето во МВР се врши со објавување на јавен оглас согласно член 71, а, за работните места кои во актот за систематизација на работните места се утврдени со статус - овластени службени лица, како и за стипендисти на Министерството вработувањата се вршат без објава на оглас согласно член 76 од Законот за Внатрешни работи. Од причина што актите


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

за организација и систематизација на работните места во МВР се класифицирани, пракса е во МВР вработувањата да се вршат по член 76, односно без објава на оглас. Ваквиот принцип на избор на лица кои ќе бидат ангажирани во МВР создава простор за влијание при вработување, состојба на непотизам, клиентелизам и кронизам, создава услови за недоследна примена на здравствените и бебедносните проверки, ги нарушува основните уставни права на граѓаните.

Поради фактот што вработувањето на блиското лице на поранешниот директор на акционерско друштво со државна сопственост во МВР е без објава на оглас согласно член 76 од Законот, постои основано сомневање за влијание од поранешниот директор при вработувањето на своето блиско лице, но поради тоа што нема конкуренција и пријави на други кандидати, Државната комисија не е во можност да го утврди потенцијалното влијание и нема законски можности за натамошно постапување и преземање мерки кон наведените лица.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk